# СТЕКНУВАЊЕ ИМОТ ВО БРАЧНА ЗАЕДНИЦА



Согласно одредбите од Законот за сопственост и други стварни права, имотот на брачните другари може да биде заеднички и посебен.

Имотот кој брачните другари ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот.

(заеднички придодес-посреден и непосреден)

Заедничка сопственост е сопственост на брачните другари на неподелена ствар кога нивните делови се определиви, но не се однапред определени.

Приходите од заедничкиот имот на брачните другари како што се камати, дивиденда и други приходи претставуваат нивен заеднички имот.

Надомест на штета предизвикана на заедничкиот имот, имотот добиен врз основа на кредит во текот на бракот претставува зеднички имот.

Имотот кој двајцата брачни другари заеднички го стекнале по основ на дар, легат или наследство е заеднички имот на брачните другари.

# Посебен имот

-Имотот кој едниот брачен другар го имал во моментот на склучувањето на бракот

-Правото врз имотот што брачниот другар ќе го добие по основа на наследство, легат и подарок

- Стварите стекнати во бракот, а кои исклучиво служат за задоволување на личните потреби на еден од брачните другари, доколку не претставуваат несразмерно голема вредност во споредба со вредноста на вкупниот заеднички имот.

Како посебен имот ќе се сметаат и имотните права од авторските и други сродни права што му припаѓаат на брачниот другар

Приходите добиени од посебниот имот на брачниотдругар како што се камати, дивиденда, закупнина и други приходи претставуваат посебен имот на брачните другари.

Посебен имот ќе се смета ќе се смета имотот добиен врз основа на надомест на штета причинета на неговиот посебен имот , надомест на нематеријална штета за повреда на неговите лични добра, како и имотот стекнат врз основа на договор за доживотна издршка.

За обврските што еден брачен другар ги имал пред склучувањето на бракот, како и за личните обврски што ќе ги прими по склучувањето на бракот, не одговара другиот брачен другар.

Ако еден од брачните другари,без согласност на другиот брачен другар, отуѓил или оптоварил имотот стекнат во брак ,пред неговата поделба меѓу брачните другари, таквиот договор нема да произведува правно дејство.

- Доколку едниот од брачните другари својата заработувачка ја троши само за свои потреби, предметите кои другиот брачен другар ги купил за потребите на домаќинството се исклучиво негова сопственост.

При стекнување сопственост по основ на градба или реконструкција на зграда се цени дали се работи за нова зграда или стар постоен објект и колку се деловите што се новоизградени,а колку делови останале од старата зграда.

Реновирањето е основ за облигационо побарување.

Ако имотот за времетреење на бракот се купи со средства на едниот брачен другар ќе биде негова сопственост.

Кога недвижниот имот е купен на кредит тој преставува заедничка сопственост на двајцата брачни другари.

Заеднички имот е имотот добиен со игри на среќа.

Имот стекнат во брак се сметаат и паричните средства и подароците добиени при стапување во брак.

Имотот што е одземен од едниот брачен другар, во постапка за испитување на потеклото на имотот, а стекнат на незаконит начин не претставува заеднички имот.

Правото на сопственост на брачните другари врз недвижности кои се нивен заеднички имот се запишува во јавните книги на името на двајцата брачни другари како нивен заеднички имот.

Ако во јавните книги како сопственик на заедничкиот имот е запишан само едниот од брачните другари ќе се смета дека уписот е извршен на името на двајцата брачни другари.

Кога недвижниот имот е запишан само на едниот брачен другар, а е стекнат во брак, при продажба од страна на нотарот се бара изјава од другиот брачен другар со која се согласува недвижниот имот да биде продаден.

Ако во јавните книги се запишани двајцата брачни другари како сосопственици на определени делови, ќе се смета дека ги утврдиле деловите во заедничкиот имот.

Во случај на продажба на определен дел од заедничкиот имот кој му припаѓа на едниот брачен другар се применуваат правилата за првенствено купување на сосопствениците.

# Управување со имотот

Секој брачен другар самостојно управува и располага со посебниот имот, доколку брачните другари во писмена форма поинаку не се договорат.

- Брачните другари заеднички и спогодбено управуваат и располагаат со заедничкиот имот.

- Кога сопругот располагал со целиот имот со договор за доживотна издршка,

не може да се поништи договорот за доживотна издршка, само поради тоа што:

-договорт не е потпишен од од сопругата ,

-постоела нејзина молчелива согласност нејзиниот сопруг да располага со нејзиниот дел од имотот,

-таа е опфатена како примател на издршката и

-не покажала волја и интерес таа состојба да се измени.

Брачните другари во писмена форма можат да се договорат управувањето и располагањето со заедничкиот имот или со дел од него да го врши едниот од нив.

Договорот може да се однесува на сите работи на управување и располагање или само на редовното управување или на точно определени работи.

Кога поинаку не е договорено, управувањето опфаќа и располагање во рамките на редовното работење.

Секој брачен другар може да го раскине договорот за управување или располагање со заедничкиот имот во секое време, освен кога со раскинувањето би му се нанела штета на другиот брачен другар.

Во вршењето на работите кои ги надминуваат рамките на редовното управување, односно располагање со имотот, потребна е согласност на другиот брачен другар изразена во форма која се бара за соодветното правно дело.

Пример: нотарот бара согласност доколку се продава или оптоварува недвижниот имот стекнат во брак.

# ДЕЛБА НА ЗАЕДНИЧКИОТ ЖИВОТ

- За времетраење на бракот и по престанокот на бракот, брачните другари можат спогодбено да го поделат заедничкиот имот, при што со делбата на заедничкиот имот настанува режим на посебен имот.
- Ако не дојде до спогодба, делбата на заедничкиот имот, на барање на еден од брачните другари, судот ја врши во вонпарнична постапка.
- Посебниот имот на брачниот другар е негова сопственост.

При делба се делат:

Подвижните и недвижните ствари стекнати за времетраење на брачната заедница

Долговите кои настанале за времетраење на брачната заедница.

Пример: ако за времетраење на брачната заедница е земен кредит, истиот претставува обврска стекната во брак и треба да се вклучи во масата за поделба.

Делбата на заедничкиот имот може да се изврши и по барање на наследниците на умрениот брачен другар.

Со смртта на едниот брачен другар престанува бракот, а со тоа престанува и режимот на заедничкиот имот.

Доверителите на едниот брачен другар, за да можат да го наплатат своето побарување, за кое имаат и правосилна извршна пресуда, можат да бараат присилно извршување со продажба на одделни предмети од ½ од заедничкиот имот на брачните другари.

Спогодбената делба на заедничкиот имот може да се изврши и на начин што едниот брачен другар може да му исплати на другиот извесен паричен надоместок, а тој да го задржи предметот стекнат во брак.

При делба на заедничкиот стан, судот може да нареди вршење на преправки, за да се добијат посебни делови.

Ако брачниот другар докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар, тогаш судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот.

Товарот на докажување е на страната на брачниот другар кој пред судот истакнува вакво тврдење, па истиот мора да презентира докази за да го докаже своето тврдење.

Судот при утврдувањето на деловите на брачните другари во заедничкиот имот, тргнува од фактот дека заедничкиот имот на брачните другари се дели на еднакви делови.

По барање на еден од брачните другари, судот може да му определи поголем дел од заедничкиот имот, ако тој докаже дека неговиот придонес во заедничкиот имот очигледно и значително е поголем од придонесот на другиот брачен другар.

Во некои ситуации може да постои доприонос кој е малку поголем од страна на едниот брачен другар (пример ако заработоува повеќе), меѓутоа треба да се има предвид целосниот придонес во бракот и за оние работи кои не се сметаат за наплатливи (пример чување на децата, одржување на домот и сл.).

Вредноста на стварите во заедничкиот имот се проценува според нивната вредност во моментот на делбата.

По барање на брачниот другар, при делбата на заедничкиот имот, во неговиот дел првенствено ќе се внесат оние ствари од заедничкиот имот кои служат за вршење на неговата дејност.

Од заедничкиот имот ќе се издвојат и ќе му се предадат на брачниот другар и оние ствари стекнати со работа во текот на брачната заедница кои служат исклучиво за негова лична употреба.

Ако вредноста на овие ствари е несразмерно голема во однос на вредноста на сиот заеднички имот, ќе се изврши делба и на тие ствари.

Брачниот другар кој стварите треба да ги добие, може да ја надомести на другиот брачен другар соодветната вредност или на другиот брачен другар со негова согласност, не му отстапи други ствари.

При делбата на заедничкиот имот ако се утврди дека на еден од брачните другари му припаѓа значително помал дел, судот може на барање на еден од брачните другари да определи тој дел да му се надомести во пари.

Барањето за делба на заедничкиот имот не може да застари, бидејки не се работи за облигационо побарување, туку за стварно-правно побарување, за заедничка сопственост чија делба се бара.

Ако со правосилно завршен спор меѓу странките, како поранечни брачни другари, е утврдено дека се сосопственици на по една идеална половина од станот, во друг спор меѓу нив не може да се бара утврдување на поголем придонес во стекнувањето на станот, бидејќи постои пресудена работа.

Брачните другари одговараат солидарно за обврските што едниот брачен другар ги примил спрема трети лица за намирување на тековните потреби на брачната заедница.

Доколку постои долг ќе се наплаќа од двајцата брачни другари, не подеднакво туку додека се наплати без оглед дали е наплатено повеќе од едниот брачен другар.

Брачниот другар кој од својот посебен имот ја исполнил солидарната обврска има право да бара другиот брачен другар да му го надомести делот на обврската што паѓа на него.

Подароците што брачните другари си ги дале еден на друг пред склучувањето на бракот или во текот на бракот не се враќаат.

Во случај кога на родителот му се доверени на чување и воспитување децата можно е тој да ја задржи сопственоста на станот или куќата по разводот, а да му го исплати делот на другиот брачен другар.

На брачниот другар кому му се доверени заедничките деца на чување и воспитување, му се доделуваат во сопственост и оние ствари кои им служат на децата или се наменети само за нивна непосредна употреба, како и оние предмети за кои е очигледно дека е во интерес да бидат во сопственост на брачниот другар кому децата му се доверени

Судот може на барање на еден брачен другар, во случај кога уделот на еден од нив е несразмерно мал од уделот на другиот во заедничкиот имот, на тој брачен другар да му досуди надомест во пари, според вредноста на неговиот удел.

Пр: кога еден  брачен другар има сопственост од 1/10 од вредноста на деловниот простор, а деловниот простор му служи за обавување на дејност на другиот брачен другар и тој се согласи на другиот брачен другар да му ја исплати вредноста на неговиот дел.

# Брачен договор

Брачниот договор е договор со кој свршениците, брачните или вонбрачните партнериги уредуваат своите имотни односи за време траење на бракот и во случај на престанок на бракот.

Со брачнот договор договорните страни можат да ги регулираат меѓусебните имотни односи во однос на постојниот имот и имотот што ќе го стекнат во иднина.

Кога само едниот брачен другар учествувал во регистрирањето на друштвото, со неговите содружници раководел со работењето на друштвото и одлучувал за сите стратешки прашања за растење на бизнисот, а другиот брачен другар не доставува релевантни докази дека има придонес во создавањето на друштвото или дека има вложувања во основањето на друштвото или дека учествува во деловно работење , а кој придонес би можел да се валолизира како удел или парично побарување на тој брачен другар, нема основ да да се утврди дека тдругиот брачен другар по основ на заеднички имот стекнат во брак има право на сопственост и својство на содружник со влог, односно удел во основната главнина на Друштвото .

Акциите купени за време траење на бракот со заеднички средства се заеднички имот на двајцата брачни другари.

Кога односите биле нарушени, кога фактички била поднесена тужбата за развод на брак и кога фактички брачната заедница била прекината, сопругот без да ја извести сопругата и без нејзина согласност ги отуѓил сите акции, кои биле на негово име, со продажба преку берзата, а не и исплатил на тужителката парични средства добиени од продажбата на акциите, должен е да и исплати половина од вредноста на акциите.

# СУДСКА ПРАКСА

# Судски билтен 2018 Апелација Скопје бр:10

Утврдениот имот кој се состои во заштедени пари има правен режим на заеднички имот на брачните другари .Во отсуство на правно релевантен доказ со кој тужениот би докажал евентуално поголем придонес во стекнувањето на паричните средства, наведениот имот стекнат во текот на бракот и брачната заедница претставува заеднички имот на брачните другари согласно чл.67 и чл.71 од ЗСДСП.

Според содржината на писмените докази, но и искazите на странките произлегува дека брачните другари во текот на бракот и брачната заедница стекнувајќи ги паричните средства како заеднички имот постигнале меѓусебе спогодба околу располагањето со овој имот, подигањето на парични средства од сметките, даденото полномошно од тужителката за тужениот да подига парични средства од девизната штедна книшка која гласи на нејзино име.

Одлука на Апелационен суд Скопје ГЖ-1880/14 од 04.06.2014 година

Ваквиот став е прифатен со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија Рев2.бр.345/16 од 22.06.2017 година.

## Судски билтен 2018 Апелација Скопје бр:10

Самиот факт дека куќата била градена додека странките биле во брак, не подразбира дека брачните другари подеднакво учествувале во стекнувањето на сопственоста на имотот, кога парцелата била првин купена со очигледен посебен имот на едниот брачен другар, а градбата е направена со негови средства. Кога фактите за потеклото на средствата со кои е купен имотот, начинот и временскиот период кога бил стекнат тој имот се утврдени согласно доказите предложени од тужениот кој ги обезбедил средствата, правилно тужбеното барање е одбиено како неосновано.

Недвижен имот не претставува заеднички имот на брачните другари, бидејќи тужениот го продал со договорот за купопродажба својот имот во САД за 525.000 УСА. Новиот имот тужениот го стекнал со тие средства, а брачните другари не се договориле овој имот да биде нивна заедничка сопственост.

Одлука на Апелационен суд Скопје ГЖ-3569/15 од 23.12.2015 годи

# Судски билтен 2019 Апелација Штип бр:12

Подвижни ствари стекнати во текот на бракот , а отуѓени пред престанокот на бракот  о пред разводот разводот, претставуваат заеднички имот стекнат во брак, па поранешните брачни другари имаат право на по 1/2 од вредноста на подвижните ствари.

Во текот на брачната заедница странките се стекнале со подвижен имот, возило мерцедес купен со заеднички средства чија вредност према проценката изнесувала 576.266,оо денари па со оглед дека ова возило тужениот го отугил во Бугарија правилно првостепениот суд постапил кога по однос на ова возило утврдил дека е стекнато во бракот помеѓу странките задолжувајки го тужениот да и плати износ од 288.133,оо денари што претставува една половина од вредноста на возилото.

Апелационен суд Штип ГЖ.бр.212/17 и Врховен суд на РМ на ден 22.01.2019 година под Рев2.бр.578/17

Под работа со која се стекнува заеднички имот на брачните другари не се подразбира само работата која непосредно или посредно придонесува за зголемување на заедничкиот имот, туку и работа која придонесува за одржување на заедничкиот имот ***

Одредбите од чл.66 и 67 од ЗСДСП упатуваат на тоа дека заедничкиот имот на брачните другари е имот кој што истите ќе го стекнат во текот на брачната заедница. Заедничкиот имот значи потекнува од одвоена или заедничка работа на брачните другари и тоа е негова основна карактеристика. Притоа, врската помеѓу работата и заедничкиот живот може да биде непосредна, ако е во прашање работа која донесува заработувачка, или посредна кога се работи за активности со кои на другиот брачен другар на различни начини му се овозможува или олеснува стекнувањето на заработувачката. Под работа не се подразбира само работа која непосредно или посредно придонесува за зголемување на заедничкиот имот, туку и работа која придонесува за одржување на заедничкиот имот.

(ГЖ-173/18 од 17.04.2018 година на Апелационен суд Битола)

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Повелете со прашања

